# Д О Г О В О Р
**за изнајмување на простор**
**и служење на храна и пијалоци**

Склучен на ден _____________ , помеѓу:

1. _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _

_ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _

како корисник

и

2. **Регент Клуб дооел**

застапуван од Горан Дамчевски во понатамошниот текст “клубот”.

**Член 1**

**ПРЕДЕМТ НА ДОГОВОРОТ**

Предмет на договорот е изнајмување на објектот-РегентКлуб, со давање угостителски услуги односно продажба и служење на храна / пијалоци.

**Член 2**

**ЗАКУП**

Корисникот го зема објектот под закуп за датум __________________ ;

во времетраење од _ 6 часа, односно од __19 _ часот, до _01_ часот;

број на гости: __________.

**Член 3**

**УСЛУГИ**

Корисникот изрази желба да ги користи следните услуги од клубот:

- Времен закуп на на објектот на Регент Клуб за организирање на **свадбена свеченост.**
- Продажба и служење на храна и пијалоци од страна на персоналот на клубот, по цена и спецификација наведена во понудата, како прилог на овој договор.

**Член 4**

**ЦЕНИ**

Цената за договорениот закуп во време траење од 6 часа, износува ____________ МКД;

Цената на договорените услуги по основ на храна изнесува ___________ МКД;

Цената на договорените услуги по основ на пијалоци изнесува ____________ МКД.

**Вкупно ________________ МКД**

**Напомена:**

Доколку цените не се прецизирани со овој договор, тогаш корисникот се обврзува да ги плати услугите и артиклите по завршување на настанот, по ценовник кој му е претходно доставен или по редовниот ценовник на клубот (мени).

Во ценате е пресметан ДДВ 18%

**Член 5**

**НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ И РОКОВИ**

Корисникот се обврзува, на сметка на клубот или во готово, да уплати:

- Сума во износ од 18.000 МКД за **резервација на термин-капар**, со што договорениот датум е резервиран за организиранање на договореното со овој договор.
- Остатокот до вкупниот износ според овој договор, најдоцна седум (7) дена пред
- договорениот датум прецизиран со **Член 4** од овој договор.
- Доколку договерената суме не се уплати според договорените рокови договорот нема да се смета за важечки и нема да произведува никакви правни дејства, како и средствата уплатени на име **резервација на термин-капар** нема да бидат вратени.

**Член 6**

**ОБВРСКИ НА КОРИСНИКОТ**

- Корисникот има обврска во целост да ги почитува одредбите од **Член 5** од овој договор, во спротивно согласен е клубот да ги откаже договорените активности.
- Корисникот има обврска да го користи објектот во согласност со позитивните норми на пристојно однесување во клубот од негова страна како и од страна на неговите гости, односно да внимава намерно да не причинува штети како и да внимава неговите гости да не го прават истото. Доколку дојде до намерно оштетување на објектот, негови делови или инвентар, корисникот е согласен да ја надомести настанатата штета според цената на чинење.
- Трошоците за авторските права корисникот треба да ги уплати на сметка на клубот во висина од ______________€ во денарска против вредност, које е во согласност со ценовникот на **ЗАМП.**
- Корисникот се обврзува јачината на музиката и бучавата да биде на разумно ниво, односно во согласност со прописите за јачина на бучава во јавни објекти во населени места. Последиците од непридржувањето на наведеното ова ги сноси корисникот.
- За услугите кои корисникот би ги користел од надворешни лица, клубот треба да биде навремено запознаен со правното или физичко лице кое ќе ги обезбедува услугите и истото треба да ги почитува правилата за изведување на активности во договор со

клубот. Лицата што ќе се јават како даватели на услуги, во случај на промена на амбиентот на клубот од нивна страна, **се обврзуваат истиот да го вратат во затекнатата состојба**. Во случај на непридржувањето кон овие услови, **корисникот е согласен да ја надомести настанатата штета и/или да ги надомести трошоците за доведување на објектот во затекнатата состојба.**

- Доколку корисникот добие дозвола од клубот да внесе артикли (храна или пијалоци) што ќе ги консумираат неговите гости, се обврзува за истите да обезбеди доказ за квалитет и исправност. Доколку дојде до несакани последици по здравјето на гостите по овој основ, корисникот апсолутно го превзема ризкот на негов терет, односно **клубот не превзема никаква одговорниост за настанатата штета.** Истото важи и за други активности кои ќе ги организираат лица донесени од страна на корисникот со цел да се збогати забавата.
- Корисникот има обврска сам да ги пријви кај надлежните органи сите активности за кои тоа е потребно.
- Корисникот се обврзува бројот на гостите да не биде поголем од наведениот во овој договор.
- Корисникот се обврзува да се придржува кон работното време на објектот.

**Член 7**

**ОБВРСКИ НА КЛУБОТ**

- Клубот се обврзува на корисникот да му обезбеди непречено да го користи објектот на договорениот датум и во договореното време.
- Клубот за време на настанот (користењето) на објектот треба да му обезбеди служба за обезбедување во и вон бјектот, односно обезбедување на паркинг просторот кој се наоѓа пред истиот.
- Клубор се обврзува услугите да бидат квалитетни и да бидат адекватни на дадената понуда на која се повикува овој договор.
- Клубот има обврска да го информира корисникот за оптималниот капацитет на објектот како и за другите содржини пред склучување на овој договор.

**Член 8**

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Доколку има потреба, со анекс кон овој договор, сите новонастанати ситуации ке бидат прецизирани.

- Корисникот може да го смени датумот или времето кое е претходно договорено, но само ако клубот има слободен термин за кој е заинтересиран корисникот.
- Доколку корисникот изрази желба за било какви промени во договорот од негова страна, а клубот не може да му излезе во пресрет од било кои причини, клубот нема

обврска да му ги врати авансираните средства на корисникот. Истото важи и доколку корисникот по извршената уплата изрази желба да го раскине договорот.

- Доколку корисникот го откаже настанот поради неповолни временски услови, клубот нема обврска да му ги врати уплатените средства на корисникот.
- Малолетните лица имаат обврска да покажат доказ за придружба на родител или старател.
- Во клубот не е дозволено изведување на профитабилни дејности, како и приготвување храна од страна на надворешни лица по било кој основ.
- Клубот има право да забрни внесување на артикли за кои смета дека се сомнителни.
- **Клубот има право да забрани активности или да ги прекине истите доколку смета дека го нарушуваат неговиот кредибилитет, јавниот ред и мир или се неморални, се косат со законските прописи или се штетни по било кој основ за присутните гости.**
- Клубот го задржува правото да одреди дали надворешните физички или правни лица, посочени од страна на корисникот, ќе даваат дополнителни услуги.
- Клубот го задржува правото да ги отстрани лицата кои не се придржуваат кон правилата на клубот.
- Во објектот се забранува влез на униформирани лица.
- **Во објектот се забранува носење на оружје и негова употреба како и други распрскувачки материјали што се опасни по животот и здравјето на луѓето.**

Во случај на спор, истиот ќе го решава надлежниот суд во Скопје.

Овој договор е составен во два (2) еднакви примероци, од кои по еден за секоја од оговорените страни.

Регент Клуб　　　　　　　　　　　　　　　　Корисник

________________　　　　　　　　　　　　　_______________